**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 04-103/43
Скопје: 27.10.23

Врз основа на член 29 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата ( ,,Службен весник на РМ,, бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член член 52 став(1), (2),(5) и (6) од Законот за административни службеници (,,Службен весник на РМ,, бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и ,,Службен весник ,, на РСМ бр.275/19, 14/20, 112/20, 215/21 и 99/22), генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата, донесе

**Одлука**

**за избор на кандидат за унапредување по пат на интерен оглас број 05/2023**

Кандидатот Мино Кузмановски, по пат на интерен оглас број 05/2023 со архивски број 04-103/34 од 10.10.2023 година, се избира за работно место под реден број (1) Советник за Оценка на концентрациите и подготвување предлог одлуки во однос на концентрации, Одделение за оценка на концентрации, Сектор за анализа и оценка на концетрации, со звање советник, 1 (еден)извршител

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прво рангиран кандидат по Интерен оглас број 05/2023

3. Избраниот кандидатт ќе биде унапреден на работното место во рок од пет дена по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за распоредување.

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии број 18-10453/2 од 08.11.2022, број 18-10453/4 од 13.12.2022 и број 18-13099/2 од 20.01.2023 година, генералниот секретар упати барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници број **04-103/30 од 06.10.2023** до административниот службеник кој ги врши надлежностите на организационата единица за управување со човечки ресурси.

Интерниот оглас број 05/203 со архивски број 04-103/34 од 10.10.2023 година е објавен на ден 12.10.2023 на интернет страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата и интернет страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административни службеници, генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата, формира Комисија за селекција за унапредување со решение број 04-103/39 од 24.10.2023 година.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисија за селекција за унапредување на 27.10.2023 година во 9,30 часот направи административна селекција со увид во веродостојноста на прилозите доставени од пријавениот кандидат и изготви Записник за административна селекција број 04-103/40 од 27.10.2023 година. По спроведеното интервју од страна на Комисијата за селекција за унапредување и изготвениот Записник од спроведување на интервју за унапредување на административни службеници број 304-103/41 од 27.10.2023 година, Комисијата изработи Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и Предлог одлука за избор на прво рангиран кандидат.

Врз основа на горе наведеното се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука ќе се донесе решение за унапредување на избраните кандидати

**Правна поука**:Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација.во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

**Генерален секретар**

**Розана Ванковска**

Доставено до:

-Избраниот кандидат
-Административниот службеник кој ги врши надлежностите на организационата единица за управување со човечки ресурси.
-Архива